ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:29-315/3**

**Дата: 28.02.2012**

**ДО**
**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (637) на Општина Гази Баба за 2010 година.

При ревизијата беа разгледани и препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2007 година, во кој, за оваа сметка на Општината е издадено мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи. Утврдено е дека препораките се спроведени, освен препораката што се однесува на вршењето на пописот на обврските, каде што сеуште не се спроведуваат во целост законските одредби кои го пропишуваат начинот на вршење на пописот.

За вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи за 2010 година и за усогласеност со закони и прописи изразено е мислење со резерва.

Во Општина Гази Баба е воспоставен систем на интерни контроли во процесот на плаќање, како систем на финансиски и други контроли, што го намалува ризикот од незаконско и ненаменско трошење на буџетските средства.

Во текот на 2010 година интензивирано е плаќањето на обврските кон добавувачите, така што, на крајот на годината, во однос на претходната, тие се намалени за околу 24%. Исплатени се заостанатите обврски од 2008 година, како и значителен дел од обврските од 2009 година.

Извршена е проценка и вонбилансно евидентирање на имотот добиен со делбен биланс донесен од Владата на Република Македонија во 2000 година, за дел од недвижниот имот се добиени имотни листови, додека за останатиот дел постапките се во тек.

Во однос на спроведувањето на постапките за јавни набавки во текот на 2010 година не се констатирани неправилности, меѓутоа, со оглед на фактот дека голем дел од плаќањата во 2010 година се однесуваат на набавките во 2008 и 2009 година утврдените неправилности во тој период се одразуваат на финансиските извештаи за 2010 година.

Од страна на Градоначалникот на Општината доставени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор. Забелешките се разгледани и е оценето дека истите не содржат елементи за промена на утврдените состојби во Нацрт извештајот.

## 1.Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 13 до 15 заедно со ревизија на усогласеност на финансиските извештаи на сметката на основен буџет (637) на Општина Гази Баба, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на основен буџет (637) на Општина Гази Баба за 2007 година. Изразено е мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиската состојба на сметката на основен буџет (637) на Општина Гази Баба под 31 декември 2007 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум како и за законското и наменското користење на средствата во финансиските трансакции за 2007 година.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Тони Трајковски - градоначалник на Општина Гази Баба во 2010 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Општина Гази Баба се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

**2.Цели и делокруг на ревизијата**

2.1. Цел на ревизијата на:
- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување
- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки

зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјално погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.
При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.
Ревизијата од точка 1.1. е планирана и извршена во периодот од 01.12 до 30.12.2011 кај Општина Гази Баба од тим на Државниот завод за ревизија.

**3. Осврт на ревизијата од претходната година - спроведување на препораките.**

Ревизијата од точката 1.1. опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2007 година.
Во Прилог 3 (прилог кон овој извештај), дадени се резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2007 година.

**4. Наоди и препораки**

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот – предмет на ревизија.
На ден 01.02.2012 година, добиени се забелешки под број 08-122/2 од 31.01.2012 година по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор, заведени во Државниот завод за ревизија под број 28-315/1 од 01.02.2012 година од Градоначалникот на Општина Гази Баба.
Забелешките се разгледани и е оценето дека истите не содржат елементи за промена на утврдените констатации во Нацрт извештајот.
Текстот на забелешките и одговорот на ревизијата се дадени во прилог кон овој Конечен извештај.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2010 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 4.1. Интерни контроли

#### 4.1.1. Процес на плаќање

При оценка на системот на интерните контроли кај процесот на безготовинско плаќање, ревизијата констатира дека се воспоставени интерни контроли кои ќе обезбедат доволно ниво на сигурност и ќе спречат ризик од плаќања по некомплетна и непотврдена документација од овластени лица и почитување на договорените услови за плаќање.
Донесена е пишана процедура за движење на документацијата во која се дефинирани и разграничени начинот на движење на финансиските документи и надлежностите и одговорностите во однос на потврдување на комплетноста и веродостојноста на трансакциите. Пропишано е доставување на комплетна финансиска документација заради евидентирање во сметководствената евиденција во Секторот за финансиски прашања во рок од осум дена од денот на приемот на документите во архивата на Општината. Ревизијата утврди дека дел од ситуациите архивски се заведени неколку месеци пред нивното евидентирање, така што, во текот на годината сметководствената евиденција не дава реални податоци за обврските на Општината.
Во текот на 2010 година не се следи реализацијата на договорите при набавка на стоки, услуги и извршени работи, што резултира со пречекорување на набавените количини во однос на договорените. Отстапувањата не се материјални, меѓутоа, создава ризик од набавки кои не се вклопуваат во спроведените постапки за јавни набавки.
Во 2011 година е донесена процедура во која е пропишано следење на реализацијата на договорите од лице со посебно овластување на градоначалникот.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општина Гази Баба да обезбеди целосна примена на донесените пишани процедури со кои се дефинирани постапките во однос на функционирањето на системот на интерни контроли.

### 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Во текот на 2010 година по основ на привремени вработувања исплатен е вкупен износ од 4.496 илјади денари. Бројот на привремено вработените лица во текот на годината е променлив и се движи од 12 до 18 лица месечно. Нивното ангажирање се врши за извршување на работни задачи предвидени во Правилникот за систематизација на работите и задачите на Општината и траат подолго од една година, што не е во согласност со членот 4 од Законот за

агенциите за привремени вработувања каде што е уредено дека агенцијата може врз основа на договор да отстапи работник и тоа за замена на привремено отсутен работник, привремено зголемен обем на работа, сезонска работа, работа на проекти, неспецифични неконтинуирани работи и непредвидени краткотрајни активности за период не подолг од една година.

Со ревизијата е утврдено дека вкупната вредност на фактурата добиена од Агенцијата за надомест на платата на привремено вработените лица не е намалена за месечните задршки од плата за боледување и парични казани на вработените и покрај доставените известувања до Агенцијата, што укажува на слабости во фукционирање на контролниот механизам.

Вработувањето на лица преку Агенција за привремени вработувања значи вработување без спроведување на постапки предвидени со законската регулатива, со можност за субјективно одлучување при изборот на лицата.

Во 2011 година дел од овие лица се вработени во редовен работен однос.

**Препорака:**

Привремените вработувања да се вршат во согласност со законската регулатива и не за период подолг од една година.

4.2.2. Во текот на 2010 година на здруженија на граѓаните, вклучувајќи ги и спортските клубови од Буџетот на Општина Гази Баба директно се трансферирани средства во износ од 1,209 илјади денари. Покрај трансферите, за превоз и сместување на здруженија на граѓани и спортски клубови исплатени се средства во износ од 289 илјади денари директно на превозници и сместувачки капацитети.

Здруженијата на граѓаните, согласно членот 49 од Законот за здруженија и фондации можат да добиваат средства од буџетите на општините, кои поблиску ги уредуваат условите за распределба и користење на средствата и донесуваат годишни планови и програми.

Општина Гази Баба нема донесено акт за уредување на условите за распределба и користење на средствата, додека во годишните програми за култура и спорт за 2010 година се објавени планираните средства по носители и манифестации, без наведени постапки и критериуми за доделување на средства за реализирање на овие програми.

Средствата се поделени без објавување на конкурс за доделување на средства за финансирање програми и проекти на културни, спортски здруженија, манифестации и други невладини организации од интерес за Општина Гази Баба.

На веб страницата на Општината нема објава кои организации ги добиле средствата како и целите на организациите за кои ги добиле тие средства што не е во согласност со членот 49 од Законот за здруженија на граѓани и фондации.
Организациите кои добиле средства немаат доставено деловен и финансиски извештај до Општина Гази Баба за користење на буџетските средства.

Дел од директните плаќања на превозниците се извршени авансно, без при тоа, Општината да има влијание врз изборот (доставени се фактури за плаќање од страна на корисниците на услугите).
Доделувањето средства без критериуми, објава и деловни и финансиски извештаи за користењето на средствата носи ризик од субјективност во одлучувањето, нетранспарентно доделување на средства и нивно ненаменско користење.

**Препорака:**
Советот на Општината да ги уреди условите за распределба и користење на средствата за здруженија на граѓани, како и постапките и критериумите за доделување на средства за реализација на програмите.
На веб страницата на Општината да се објават организациите кои добиле средства како и целите за кои ги добиле тие средства.
Организациите кои добиле средства да достават деловен и финансиски извештај до Општина Гази Баба за користење на буџетските средства.

4.2.3. Исплатени се средства во износ од 872 илјада денари како надоместок за годишен одмор, согласно член 70 од Колективниот договор за државните, правосудните и органите на локалната самоуправа на Република Македонија од 1995 година.
Во Законот за Државни службеници донесен во 2000 година, во членот 96 е уредено дека: со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува примената на одредбите на колективните договори по прашањата кои се уредени со овој закон. Бидејќи со овој Закон се уредува системот на плати и надоместоци на плати за државните службеници, а во членот 52, став 2 каде се утврдени другите надоместоци на кои имаат право државните службеници не е наведен регресот за годишен одмор, произлегува дека исплатата на таков надоместок нема законски основ.

Во Законот за работни односи кој се однесува на вработените во Општината кои немаат статус на државни службеници, во рамките на надоместоците нема предвидено исплата на надоместок за годишен одмор.
Исплатите на вработените кои немаат законски основ претставува ненаменско и незаконско трошење на буџетските средства на Општината

**Препорака:**
Градоначалникот на Општината да одобрува исплата на надоместоци на плата, на кои државниот службеник има право под услови и критериуми утврдени со Законот за државни службеници.

4.2.4. Општина Гази Баба има исплатено вкупно 1,278 илјади денари по основ на еднократен паричен надоместок за сите вработени во Општината и членовите на Советот (1,150 илјади денари на вработените и 128 илјади денари персонален данок).
Исплатата на овој надомест не е во согласност со член 52 од Закон за државни службеници каде е уредено кои надоместоци им следува на државните службеници. Исплатата на средства без законски основ придонесува за зголемени трошоци на општината и незаконско трошење на средствата.

**Препорака:**
Исплата на средства/надоместоци на вработените да се врши согласно законските прописи.

## 4.3. Финансиски извештаи

4.3.1. Пописот на средствата и обврските во Општина Гази Баба не е извршен во согласност со одредбите на Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници:
- не е извршен попис на побарувањата и обврските во согласност со членот 31-в од Правилникот, односно не е утврдена правната основа за нивното постоење;
- пописната комисија не извршила попис на сите сметки со кои располага општината. Ваквата состојба не е во согласност со член 31-б од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, со кој е регулирано дека пописот на паричните средства на отворените сметки во рамки на Трезорската сметка се врши врз основа на последниот извод за прометот на паричните средства.

Непреземените активности и мерки за спроведување на целосен попис од страна на комисијата создава можност од нереално прикажување на средствата и изворите на средствата и нереални финансиски извештаи.
Општината има изготвено акт за вршење попис во 2006 година кој не е усогласен со одредбите на Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници

**Препорака:**

- Комисијата за попис да врши попис на сите средства и извори, на сите сметки отворени во рамките на Трезорската сметка;
- пописот на побарувањата и обврските да биде целосен, во смисла на утврдување на нивната правна основа и старосна структура со цел навремено преземање мерки од страна на службите за нивна наплата;
- интерениот акт со кој се регулира начинот и постапката за целосно извршување на пописот на средствата и изворите на средствата да се усогласи со Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

4.3.2. Извршена е проценка и евидентирање на имотот добиен со делбен биланс донесен од Владата на Република Македонија во 2000 година. Вредноста на овој имот е евидентирана вонбилансно, со оглед дека Општината во моментот на неговото евидентирање немала обезбедено имотни листи. Проценката на градежните објекти е извршена во согласност со Методологијата за проценка на недвижниот имот.
Општината води постапки за упис на имотот во регистарот на Агенцијата за катастар на недвижен имот повеќе години наназад. За дел од објектите (бараките во кои е сместена општинската администрација) се добиени имотни листови, додека за други постапката е во тек.

**Препорака:**
Да се заврши постапката за добивање имотни листи за сите објекти добиени со делбен биланс.

**4.4. Користење на средствата согласно законски прописи**

4.4.1.Во однос на формалното спроведување на постапките за јавни набавки во текот на 2010 година не се констатирани неправилности, меѓутоа, со оглед на фактот дека голем дел од плаќањата во 2010 година се однесуваат на набавките спроведени во 2008 и 2009 година утврдените неправилности во тој период се одразуваат на финансиските извештаи за 2010 година. Слабостите утврдени во водењето на постапките од претходните години се надминати, особено во делот на избор на повеќе најповолни понудувачи, евалуација на понудите во однос на критериумот квалитет и поделба на работите без однапред утврдени критериуми за избор на изведувачите на работите во урбана или рурална средина и за доделување работи на одделни понудувачи.

Во текот на 2010 година при набавката на стоки и услуги се спроведуваат соодветни постапки утврдени во Законот за јавни набавки, додека за изградбата и реконструкција на комунални објекти се спроведени отворени постапки (улици, детски игралишта, тротоари, водоводна мрежа, крпење на ударни дупки и сл.), при што, или, се избира само еден најповолен понудувач, или се склучени рамковни спогодби со повеќе економски оператори, а потоа за секоја одделна работа се бараат повторни понуди со најниски цени. Основен критериум при изборот е најниска цена, додека техничката и професионалната способност се предуслови за учество во постапката.
Во текот на годината спроведена е една постапка со електронска аукција.

Ревизијата утврди дека одредени слабости се присутни во изготвувањето на техничките спецификации (изградба и реконструкција на улици во Булачани, Црешево, Јурумлери, набавка на независен соларен систем за парково осветлување), што резултира со разлики во количините, меѓутоа, вредноста на договорите не се надминува.
Квалитетот на изготвените технички спецификации има влијание на вредноста на набавките, како при планирањето на средствата, така и при нивното плаќање.

**Препорака:**
При спроведувањето на постапките за јавни набавки да се обезбеди зголемување на квалитетот на техничките спецификации.

**Прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања**

Во текот на ревизијата се прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот во Билансот на состојбата по следните основи:
- зголемување на состојбата на Материјалните средства за износ од 36,439 илјади денари за капитални објекти (улици, тротоари, детски игралишта, водоводи), со истовремено зголемување на состојбата на сметката Државен јавен капитал,
- зголемување на материјалните средства во подготовка за 3,431 илјади денари за плаќања за капитални објекти кои не се завршени, со истовремено зголемување на пасивни временски разграничувања, и
- пренос на состојбата од нематеријални вложувања на материјални средства во подготовка во износ од 20,668 илјади денари.

**Вкупни ефекти од наодите**

Врз основа на изнесеното во точката 4.3. а кое се однесува на неспроведениот попис во согласност со законската регулатива, ревизијата не беше во можност да изврши квантификација на ефектите кои би имале влијание врз финансиските извештаи.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиските извештаи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.3., финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на основен буџет (637) на Општина Гази Баба на ден 31 декември 2010 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 4.2. , 4.3. и 4.4. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на основен буџет (637) на Општина Гази Баба, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Скопје, 23.02.2012

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2010 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 175.496 | 142.940 |
| **Вкупно приходи** | | **175.496** | **142.940** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 35.405 | 34.805 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 117 | 475 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 67.378 | 53.996 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.4. | 3.203 | 2.466 |
| Социјални бенифиции | 3.2.5. | 2.278 | 1.639 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **108.381** | **93.381** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 67.115 | 49.559 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **67.115** | **49.559** |
| **Вкупно расходи** | | **175.496** | **142.940** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образло-жение** | **2010** | **2009** |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања од купувачи | 4.1.1. | 517 | 0 |
| Побарувања од вработените | 4.1.2. | 188 | 62 |
| Побарувања за дадени аванси | | 0 | 252 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 50.048 | 64.705 |
| **Вкупно тековни средства** | | **50.753** | **65.019** |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | | 0 | 4.154 |
| Материјални средства | 4.2.1. | 127.041 | 86.173 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.2. | 24.099 | 0 |
| Други долгорочни вложени и здружени средства | 4.2.3. | 150 | 150 |
| **Вкупно постојани средства** | | **151.290** | **90.477** |
| **Вкупна актива** | | **202.043** | **155.496** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 47.583 | 62.214 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.2. | 2.465 | 2.490 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.3. | 24.804 | 4.469 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **74.852** | **69.173** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на деловни средства | 4.4.1 | 127.041 | 86.173 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **127.041** | **86.173** |
| **Извори на други средства** | 4.5. | **150** | **150** |
| **Вкупна пасива** | | **202.043** | **155.496** |
| **Вонбилансна актива/пасива** | 5 | **98.448** | **98.448** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА
## ЗА 2010 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал |
|---|---|
| **Состојба 01.01.2010 година** | **86.173** |
| **Зголемување по основ на:** | **8.886** |
| Набавки во текот на годината на опрема | 396 |
| Донација велосипед | 36 |
| Ефекти од ревалоризација за 2010 | 7.362 |
| Набавки во текот на годината на градежни објекти | 1.093 |
| **Намалување по основ на:** | **4.458** |
| Амортизација 2010 година | 4.210 |
| Донирано возило | 187 |
| Расход | 60 |
| **Состојба 31.12.2010 година** | **90.602** |
| Корекција-зголемување во тек на ревизија | 36.439 |
| **Состојба 31.12.2010 година** | **127.041** |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

бул. Александар Македонски б.б. 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (0)2 322 66 55 факс: +389 (0)2 321 51 12 http://www.gazibaba.gov.mk opstina@gazibaba.gov.mk

Наш број: 08 122/2
Датум: 31.01.2012 год.

Ваш број:29-92/2
Датум: 16.01.2012 год.

**ДО: ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**
**Ул. ,,Македонија,, бр.12/3**
**Скопје**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
01.02.2012
Орг. ед. ... Вредност
29-315/1

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на забелешки по предмет
Број 29-92/2 од 16.01.2012 год.

Почитувани,

Најнапред примете ја нашата благодарност за коректно извршената ревизија на финансиските извештаи на Општина Гази Баба за 2010 година и на добронамерните укажувања и препораки за пропустите направени во текот на нашето работење.
Во однос на дадените препораки во Нацрт-Извештаите по дел од нив е постапено веднаш, а за дел ќе бидат превземени активности за нивно целосно спроведување.
По доставувањето на Нацрт-Извештаите за 2010 година, Општина Гази Баба ги прифаќа сите укажувања наведени во нив освен едно укажување по кое ја имаме следната

З А Б Е Л Е Ш К А
на Нацрт Извештај на Основен Буџет (637) за 2010 број 2011 07 43/2

Точка 4.2 Усогласеност со закони и прописи

Во точката 4.2.3., не се согласуваме со забелешката, дека е исплатен надоместок за годишен одмор на вработените што не е во согласност со законските прописи, каде се наведени одредбите на Законот за државни службеници и Законот за работни односи во кои не се наведени права на надоместоци по овој основ на вработените. Меѓутоа правото на овој вид на надоместок е дефиниран во член 9 од Законот за исплата на платите во

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
бул. Александар Македонски б.б. 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (0)2 322 66 55 факс: +389 (0)2 321 51 12 http://www.gazibaba.gov.mk opstina@gazibaba.gov.mk

Република Македонија ( ,,Сл. весник на РМ,, бр. 70/94...121/2007), во кој е дефиниран и надоместокот за отпремнина за одење во пензија. Согласно цитираниот член овие два вида на надоместоци се предвидени во Буџетот на Општина Гази Баба за 2010 година кој е усвоен од Советот на општината и доставен до Министерството за финансии, Сектор Буџет, од каде не сме имале забелешки од аспект на неговата неусогласеност со законските прописи.

Изработил:
Марика Зафировска
Насе Ралев
Васко Апостоловски

**Градоначалник**

**Тони Трајковски**

**Прилог број 2**

**ОДГОВОР**

**на забелешките на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор**

На ден 01.02.2012 година добиени се Забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Гази Баба за 2010 година на – Сметка на основен буџет (637), од градоначалникот на општината, под број 08-122/2 од 31.01.2012 година, заведени во Државниот завод за ревизија под број 29-315/1 .

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на констатираната состојба во **точка 4.2.3.** која се однесува на исплатата на надоместок за годишен одмор, **не се прифаќа,** бидејќи не се приложени релевантни докази кои би имале влијание за промена на утврдените констатирани состојби.

Во донесеното решение за исплата на надомест за годишен одмор за 2010 година бр.08-1681/1 од 18.03.2010 година, градоначалникот, во преамбулата се повикува на членот 70 од Колективниот договор за државните, правосудните и органите на локалната самоуправа на Република Македонија (Сл. весник на РМ бр.53/95 и 28/09) кој утврдува право на регрес за годишен одмор, без при тоа, да се има предвид членот 96 од Законот за државни службеници. Во овој член е уредено дека: со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува примената на одредбите на колективните договори по прашањата кои се уредени со овој закон. Бидејќи со овој Закон се уредува системот на плати и надоместоци на плати за државните службеници, а во членот 52, став 2 каде се утврдени другите надоместоци на кои имаат право државните службеници не е наведен регресот за годишен одмор, произлегува дека исплатата на таков надоместок нема законски основ.

Во Законот за работни односи кој се однесува на вработените во Општината кои немаат статус на државни службеници, во рамките на надоместоците нема предвидено исплата на надоместок за годишен одмор.

Во забелешките, градоначалникот на Општина Гази Баба не се повикува на преамбулата на донесеното решение за исплата на надомест за годишен одмор, туку на Законот за исплата на платите во Република Македонија каде е утврдена можноста и висината за исплата на овој вид надоместок. Меѓутоа, со оглед на фактот дека Законот за државни службеници и Законот за работни односи не утврдуваат право на овој вид надоместок, констатациите остануваат и во конечниот извештај.

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ______________________

*2.* ______________________ ______________________

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________________

*2.* ____________________________ ______________________